**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за консултант за спроведување на стратешко планирање и подготовка на стратешки план**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” објавува повик за консултант за спроведување на стратешко планирање и подготовка на стратешки план 2017 – 2020 на организацијата. Овој ангажман е во рамки на проектот "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија", финансиски поддржан од страна на Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Опис на ангажманот и период на реализација

Во ангажманот на консултантот ќе биде опфатено:
-изработка на дизајн и методологија на стратешко планирање;
-спроведување на процесот на стратешко планирање, во кое се предвидуваат и работни средби со заинтересираните страни на организацијата;
-подготовка и фасилитирање на тридневна работилница со дел од заинтересираните страни на организацијата;
-подготовка на предлог стратешки план;
-подготовка на финален стратешки план;
-подготовка на акциски план/ови за спроведување на стратешки план.

Тридневната работилница ќе се одржи надвор од Скопје во втора половина на Август 2017 година. Работен јазик во процесот на стратешко планирање и подготовка на стратешки план ќе биде македонскиот јазик.

Спроведувањето на процесот на стратешко планирање и подготовката на стратешки план за 2017 – 2020 година, треба да се направи во Август 2017.

## Услови за пријавување

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнат следните услови:
-да имаат работно искуство и експертиза во дизајнирање, методологија и испорака на стратешко планирање и подготовка на стратешки план;
-да имаат спроведено стратешко планирање на најмалку три институции/организации;
-да имаат добро познавање на граѓанскиот сектор во РМ.

## Документи за пријавување

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи:
-кратка биографија, која ќе ги прикаже работните искуства во однос на стратешко планирање и подготовка на стратешки план;
-документ во кое ќе бидат прикажани сите спроведени стратешки планирања за институции/организации, со датум, име на институција/организација каде беше спроведено, линкови од извори за верификација и сл;
-предлог дизајн и методологија за стратешко планирање;
-предлог акционен план за сите активности во процесот на стратешко планирање.

## Начин на пријавување

Документите за пријавување во повикот треба да се достават електронски на следната е-маил адреса: office@romaversitas.org.mk , лично во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во Скопје или по пошта на адреса ул. 11 Октомври бр.8, влез 1, кат I, стан 2, 1000 Скопје (со назнака за Повик за консултант).

## Селекција на кандидатите

Селекцијата на подобните кандидати за учество на тренингот ќе ја вршат членовите на Извршниот одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС".

Критериуми при процесот на селекција се:
- исполнувањето на условите на повикот;
- квалитетот на доставените документи;
- понудена цена.

Подобните кандидати пред финална селекција ќе бидат повикани на состанок.

## Рок за пријавување

Повикот за пријавување за обучувачи е отворен до **26 Јули 2017 година**.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани "РОМАВЕРЗИТАС" во Скопје, или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.30 до 17.30 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org